UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP
FACULTY OF LAW



# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

YEAR 2022, ISSUE NUMBER 13

**GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP**
**FACULTY OF LAW**

**ISSN 2545-4021**

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

**ISSUE 13** **VOLUME XIII**

**YEAR 2022**



1

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**

**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2022, Issue Number 13**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Associate professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Associate professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Associate professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium
**Iskren Ivanov**
Senior Lecturer at Sofia University "St. Kliment Ohridski"

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
Teaching assistant Natasha Doneva, LL.M

**Editor in chief**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D

**Language editor**
Sladjan Spasovski
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of North Macedonia

# Содржина

*ГЕОРГИЕВ Јане*
**КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИМИНАЛ ОД ОМРЗА** ........................................................... 5

*МИТРЕВСКИ Калин*
**УЛОГАТА НА ДОГОВОРОТ ЗА ЛИЦЕНЦА ПРИ ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ** ...................................................................... 17

*СУРЛОВА Розе*
**БИОЛОШКОТО ОРУЖЈЕ КАКО АЛАТКА НА ТЕРОРИСТИТЕ - БИОТЕРОРИЗАМ** ..... 27

ГЕОРГИЕВ ЈАНЕ

**УДК:** 343.3/.7:316.647.5
343.3/.7:316.647.5(497.7)

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

**Апстракт**

Живееме во општество во кое секојдневно се соочуваме со омраза по различни основи. Меѓутоа, не секогаш е лесно да се препознае дали некој е жртва или сведок на криминал од омраза. Криминалот од омраза опфаќа кривични дела извршени со мотив на предрасуда. Поимот „криминал од омраза“ не дефинира посебна законски пропишана инкриминација; тој (повеќе) опишува концепт. Криминалот од омраза секогаш е заснован на сторено кривично дело пропишано во одредба од казнен или друг законик што наметнува некаква форма на казна за забрането однесување. Без тој иницијален, криминален акт, не би постоел криминал од омраза.

**Клучни зборови:** *омраза, дело, сторители, предрасуди, криминален акт.*

GEORGIEV JANE

**UDK:** 343.3/.7:316.647.5
343.3/.7:316.647.5(497.7)

# CHARACTERISTICS OF HATE CRIME

**Abstract:** We live in a society in which we face hatred on a daily basis on different grounds. However, it is not always easy to recognize whether we have been the victim or witness of hate crime. Hate crime includes crimes committed with the motive of bias. The term "hate crime" does not define a specific statutory incrimination; he rather describes a concept. Hate crime is always based on a crime committed in a provision of a criminal or other code that imposes some form of punishment for prohibited conduct. Without that initial, criminal act, there would be no hate crime.

**Keywords:** *hatred, crime, perpetrators, prejudices, criminal act*.

## Вовед (Introduction)

Криминалот од омраза генерално се заснова на предрасуди и е мотивиран од нетолеранција кон одредени групи во општеството, може да се случи секаде, ниту современите општества не остануваат имуни на влијанието на предрасудите и нетолеранцијата. Неспорно е дека поединечните појави на криминал од омраза го носат зачетокот на потенцијални конфликти, и тие несомнено можат да ескалираат, како во однос на бројот на лица, така и во однос на самиот интензитет на насилството. Меѓутоа, исто така е неспорно е дека тој постојан круг на насилство може да се прекине доколку се прифати дека потенцијален носител на насилство е токму криминалот од омраза и доколку се преземат одлучни и цврсти мерки од страна на самото општество.

Насилства се случуваат во секоја земја и ако се со исклучително насилна природа, тие претставуваат сериозна закана и за жртвите и за општествата. Но, криминалот од омраза, односно кривичните дела од омраза, претставуваат закана

за безбедноста на поединците и тие можат да доведат до конфликти и насилство од поширок размер, секако дополнително постои и можноста тие да бидат закана за националната и меѓународната безбедност.

**1. Поим на криминал од омраза**

Во Република Северна Македонија во Кривичниот законик содржана е одредба која предвидува изрекување на построга казна за секое кривично дело извршено со мотив заснован на предрасуди. (Веќе споменатиот чл. 39, став 5).

Со измените и дополнувања на Кривичниот законик од 2018 година[1] се опфаќаат ревидирања на одредбите во неколку области, од кои во овие измени несомнено клучен и најзначаен дел од законот се одредбите со кои се ревидираат одредбите што го однесуваат на криминалот сторен од омраза. Поставувањето на ефикасен модел на спречување на делата на омраза се соочува со одредени специфичности, што го разликуваат овој облик од другите видови криминал.

Поимот „кривично дело на омраза" се дефинира и како дело мотивирано со непријателски однос, пристрасност или предрасуди кон жртвата како припадник на определена социјална група, или кон самата социјална група, изречно предвидено со закон како казнено дело. Оваа дефиниција содржи три елементи: омраза, (по правило), насилство и посебен основ за дискриминација на жртвата како припадник на определена група.

Во однос на елементот за квалификација на криминалот од омраза е значајно да се спомене дека измените во КЗ од 2018 година во член 122 се додава и нов став (42) кој го тангира криминалот од омраза и гласи: „Како дело од омраза изречно предвидено со одредбите од овој Законик, се смета кривично дело против физичко или правно лице и со нив поврзани лица или имот, кое е сторено во целост или делумно поради реална или претпоставена (замислена, вообразена) карактеристика или поврзаност на лицето што се однесува на раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување."

Принципот на еднакви права е основа во секоја демократска држава и обично е вградена во уставот. Криминалот од омраза е екстремна форма на предрасуда, зашто жртвата е нападната поради својата припадност на група. За напаѓачот, еден припадник на таа група е ист како и секој друг од истата група. Оттука, криминалот од омраза ѝ го ускратува човековото достоинство и индивидуалноста на жртвата и го напаѓа принципот дека секој поединец има право на еднаква заштита пред законот. Како чувари на владеењето на правото и бранители на уставните права, обвинителите играат суштествена улога во гарантирањето дека на темелните права им е дадено значење. Делотворното гонење на криминалот од омраза ги потврдува и штити демократските вредности.

Кај ваквите насилства, криминалот од омраза опфаќа кривични дела каде што всушност жртвата е личност која има некој групен идентитет кон кој сторителите имаат нетолеранција или предрасуди (овде несомнено може да ги наброиме: расата, националното потекло, вероисповедта или друга групна карактеристика). Криминалот од омраза може да е насочен кон едно или повеќе лица како и да е насочен кон нивниот имот. Имено, скоро секое кривично дело содржано во казнениот законик може да биде криминал од омраза.

[1] Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик во објавен Сл.весник на РМ бр.248/2018

Во Република Северна Македонија во Кривичниот законик[2] во чл. 39 постои одредба која предвидува изрекување на построга казна за секое кривично дело кое е извршено со мотив заснован на предрасуди. Оваа одредба[3] е содржана во чл. 39 став 5 ги вклучува всушност следните карактеристики: - пол, раса, боја на кожа, род, припадност кон маргинализирана група, етничка припадност, вероисповед, припадност и ментални или физички пречки во развој.

Криминалот од омраза ги напаѓа фундаменталните права додека пак принципот на еднакви права е неприкосновено основа за секоја демократска општество и вообичаено е вградена и во самиот Устав, како што случај во нашиот устав [4] покрај сите одредби да споменеме и дека е содржана и одредба со која на граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања. Граѓаните можат слободно да основаат здруженија на граѓани и политички партии, да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат. Програмите и дејствувањето на здруженијата на граѓаните и политичките партии не можат да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Републиката и кон поттикнување или повикување на воена агресија или разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост. Криминалот од омраза претставува екстремна форма на предрасуда, зашто жртвата е избрана и нападната поради својата припадност кон одредена група ко која напаѓачот има предрасуда и ова всушност е и главниот односно пресудниот елемент по кој се разликува криминалот од омраза од останатиот криминал и е причина поради која тој предизвикува посебна загриженост во самото општество.

Поради тоа кривичните дела од омраза претставуваат закана за безбедноста на поединците и тие можат да доведат до конфликти и насилство од поширок размер, како и поради можноста тие да бидат закана за националната и меѓународната безбедност, потребно е да се преземат активности сè со цел справување со овој вид на криминал. Во РСМ се преземени интензивни мерки од секој аспект особено со извршените измени во нашиот Кривичен законик во 2018 година. Овие измени, понатаму во трудот ќе се образложат.

### 1.1 Карактеристики на криминал од омраза

Во современите општества, нужно се наметна потребата од дефинирањето на криминалот од омраза за кој може слободно да дадеме заклучок дека е мотивиран од нетолеранција кон одредени групи во општеството се опишува како криминал од омраза и по сублимирање на достапната литература може слободно да посочиме дека го сочинуваат два елемента:

- Прво, делото мора да биде квалификувано како кривично дело во Кривичниот законик.
- Мотивот за извршување на кривичното дело мора да е заснован на одредена предрасуда.

За да се квалификува делото како криминал од омраза не е задолжително сторителот на делото да чувствува омраза. Напротив, доволно е само мотивот за извршување на делото да се заснова на „Мотив заснован на предрасуди“ значи дека сторителот ја избира целта врз основа на заштитените карактеристики: „раса, вероисповед, етничка припадност, јазик или сексуална ориентација“ итн.

Кривичното дело е криминал од омраза ако е мотивирано од нетолеранција или предрасуда. Самиот збор „омраза“ може дефинитивно да упатува погрешно мислење

---

[2] Коментар на Кривичен законик на РМ ,Владо Камбовски , 2011 Матица

[3] Чл.39 став 5 од КЗ на РСМ

[4] Чл.20 од Устав на РСМ

и да наведе да се помисли дека обвинетиот мора да ја мрази жртвата или групата на жртвата која ја идентификува за кривичното дело да се смета за криминал од омраза. Ова секако не може да биде е точно и неспорно е да се образложи дека факторот што го претвора обичното кривично дело во криминал од омраза е тоа што сторителот ја избира жртвата врз основа на предрасуда – групна карактеристика.

## 2. Цел на криминал од омраза

Целта на сторителите на ваков тип на кривични дела – кривично правни настани може да биде лице, повеќе лица или имот кои се поврзуваат со одредена група чии припадници споделуваат одредена заштитена карактеристика. Заштитена карактеристика претставува основна или суштинска карактеристика која ја обележува групата.

Вообичаено може да посочиме и дека:

- Криминалот од омраза е криминал со порака;
- Криминалот од омраза се стреми да го подели општеството.

Жртвата е цел поради нејзината или неговата припадност на некоја група. Жртвите на криминалот од омраза се одбрани врз основа на она што тие претставуваат, а не кои се тие всушност. Со што и се има како непосредна цел и пренесување на значајна порака и до жртвата и до нејзината група дека „не се добредојдени“ овде и дека треба да се чувствуваат несигурни и небезбедни. И токму ова го прави криминалот од омраза посериозен отколку истото кривично дело без пристрасниот мотив.

Вообичаено, криминалот од омраза генерално се врши против групи што на некој начин и биле дискриминирани. Оттука ако нема делотворен одговор од органите на прогон, секако сторителите ќе бидат мотивирани пак да го повторат делото и тоа всушност уште повеќе ги отуѓува жртвите од самото општество.

Потребен е брз институцијален одговор од системот на кривична правда за да се препознаат ваквите кривично правни предмети и ефективно, ефикасно и соодветно да се реагира. Овде е неопходно да се потенцира дека секогаш во ваквите инциденти постои ризик дека нема да биде препознаена мотивацијата од предрасуда. Доколку криминалот од омраза не се препознае или на него не се одговори соодветно, и жртвата и пошироката заедница можат да ја загубат доверба во правосудниот процес. Успешно ефективно и ефикасно справување со криминалот од омраза е можно само кога полицијата, обвинителството и судот тесно соработуваат. Вообичаено, полицијата е онаа што прва одговара и, како таква, таа е одговорна за кривично правниот настан документирање на делото, земање првични изјави и понатамошно истражување на делото, секако во координација со обвинителството. Согласно измените во нашиот ЗКП, обвинителството ја насочува истрагата, при што полицијата ги обезбедува доказните материјали што на обвинителството му се потребни за судењето.

## 3. Разбирање на криминалот од омраза

Криминал од омраза е секое дело што е нормирано како забрането согласно кривичното право и мотивирано од предрасуди врз основа на карактеристика на жртвата. Основното дело може да е насочено кон едно или повеќе лица или имот. Мотивацијата е предрасудата на сторителот кон жртвата, врз основа на карактеристика што е дел од заедничкиот групен идентитет, како што се расата, јазикот, вероисповедта, етничкото потекло, националноста, родот или други карактеристики. Иако националното законодавство ќе ги определи прецизните елементи на делото,

разбирањето на концептот на криминалот од омраза може да им помогне на обвинителите поделотворно да го користат своето национално законодавство.[5]

Криминалот од омраза може да се изврши и против имот. Кога имотот е поврзан со конкретна група и е цел од таа причина, нападот врз него може да се класифицира како криминал од омраза. Вакви примери се, меѓу другото, неонацистички графити на ѕид на синагога или националистички симболи на куќа на припадник на етничко малцинство. Ваквите акти праќаат порака дека целата заедница не е вреднувана или посакувана во локалното општество.

Криминалот од омраза се протега од вандализам до сериозно физичко насилство, вклучувајќи и убиство. Најсериозниот криминал од омраза често се карактеризира со екстремни нивоа на бруталност и суровост. Иако тие случаи стасуваат до насловните страници, важно е да се препознае дека на нив не отпаѓа најголемиот дел од криминалот од омраза. Поголем дел од криминалот од омраза се состои од помалку сериозни престапи извршени против лица или имот. Не постои еден единствен тип на сторител на криминал од омраза.

Индикаторите на криминал што сугерираат предрасуди се засновани на објективни факти, околности или постапки на сторителот што (било независно, било поврзани со други факти и околности) сугерираат дека криминалот бил мотивиран од омраза. Во случај на насилен напад доколку жртвата припаѓа на одредено малцинство и доколку нема друг очигледен мотив (на пример, економски), заслужува дополнително да се истражи мотивот за криминалот. Исто така и во одредени случаи каде што постои расна или друга групна разлика меѓу жртвата и сторителот, бруталноста на криминалот претставува силен индикатор дека криминалот би можел да е мотивиран од пристрасност. Сепак, некои групи се подложени на криминалот од омраза врз основа на нивната вероисповед, раса, етничка припадност, попреченоста или сексуалната ориентација.

Интересен е податокот во насока на разбирање на криминалот од омраза дека сторителите на криминалот од омраза понекогаш користат знаци и симболи за да укажат на својата поврзаност со крајно десничарската или националистичката идеологија. Иако свастиката (кукастиот крст) и другите нацистички симболи им се познати на повеќемината, постојат и бројни други симболи што не се веднаш видливи за некого надвор од конкретна група. Меѓу нив може да се најдат бројни низи што референцираат букви од азбуката или значајни датуми што ги претставуваат групите на омраза; тие може, исто така, да се состојат од апстрактни дизајни или слогани што не мора да се очигледно поврзани со предрасудата. Оттука е значајно да се препознаат и проучат од страна на полицијата и обвинителите, а можеби треба да се консултира експерт во предмети на криминалот од омраза каде се застапени вакви симболи. Во најраната фаза на предметот, кога се проценуваат индикаторите на пристрасност, пребарувањата на интернет и консултациите со експерти можат да помогнат да се идентификува можната пристрасна мотивација.

## 4. Жртви и сведоци на криминал од омраза

Во самата кривична постапка во предмети кои се однесуваат на криминалот од омраза е неспорен фактот дека постои секундарна виктимизација на самата жртва. Не е мал бројот на жртви на криминалот од омраза кои доста се размислуваат во однос на тоа дали да се појават и да ја раскажат целата приказна за својата виктимизација, од разни причини (срам, страв итн.). Дискриминацијата на овие луѓе во одредени

[5] Разбирање на криминалот од омраза.(2014),Практичен водич, Скопје., стр.5

општества може да е континуирана и да е дел од нивниот секојдневен живот. Треба да постои свесност дека за некои жртви пристапот треба да е индивидуален и во согласност со специфичните потреби на жртвите на криминал од омраза во кривичните постапки кои се признаени во регионалните правни инструменти, како што е Директивата на ЕУ.[6]

Во својата работа и со жртвите и со сведоците треба во секое време да ги земат предвид родовите аспекти на случајот. Родот е уште една важна карактеристика кога се работи со жртвите и сведоците на криминалот од омраза. Родовата пристрасност може да биде мотив, или еден од мотивите, за криминалот од омраза, во кој случај треба да биде идентификуван и по предметот соодветно да се жртвите на криминалот од омраза генерално. Жртвите на сексуално или родово-базирано насилство често имаат тешкотии и се изложени на секундарна виктимизација во кривичната постапка.

Некои од жртвите се плашат од идентификација, како на пример, обелоденувањето на нивната сексуална ориентација пред семејството и пријателите. Некои етнички, верски или расни малцинства можеби имаат и негативни искуства со органите за спроведување на законот, често вклучувајќи расно профилирање или други форми на дискриминација. Не е исклучен и податокот дека често самата жртва може да биде недоверлива кон органите на прогон.

## 5. Статистички податоци за криминал од омраза

Врз основа на годишни извештаи[7] кои се обработувани од Хелсиншкиот комитет за човекови права, претставуван од претседателот проф. д-р Гордан Калајџиев и презентирани на https://zlostorstvaodomraza.com/izvesta се сублимирани податоците за криминал од омраза и се презентирани во трудот со цел да се воочи вкупниот број на инциденти случени во РСМ според достапните податоци од 2013-2020 и кои се најчести видови на криминал од омраза.

Сублимираните годишни извештаи кои се обработувани од Хелсиншкиот комитет за човекови права претставуван од претседателот проф. д-р Гордан Калајџиев и презентирани на https://zlostorstvaodomraza.com/izvestai ги претставува наодите произлезени од исходот на проектот „Поддршка на Северна Македонија во унапредување на владеењето на правото и човековите права“, кој финансиски е поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје. *Целта на проектот е подобрување на легислативата и одговорот на институциите во областа на човекови права и антидискриминација преку измени и дополнувања на законите и политиките, примена на ефективни правни лекови и зајакнување на институциите. Една од целите беше и сè уште е да се подобри националниот одговор за злосторствата и говорот од омраза преку мониторинг, регистрирање и процесирање на злосторствата од омраза во согласност со изменетата законодавна рамка. Преку ваквите активности се очекува да се крене свесноста за штетните ефекти на говорот од омраза и нетолеранцијата. Се надеваме дека споделените резултати ќе послужат како повик за акција за понатамошно спречување на злосторствата од омраза и говорот од омраза.*[8]

---

[6] Види ПРИРАЧНИК за европското право за недискриминација. - Скопје: Фондација Отворено општество - Македонија, 2013. - 205 стр. ; 21 см

[7] Годишен извештај Издавач: Хелсиншки комитет за човекови права претставуван од претседателот проф.
д-р Гордан Калајџиевhttps://zlostorstvaodomraza.com/izvestai

[8] Злосторства од омраза -- Македонија -- 2020 -- Извештаи COBISS.MK-ID 53303813 стр.4

Гледано по години најголем број на инциденти поврзани со криминал на омраза се случиле во 2019 година и тоа вкупно 159 случаи (прикажано на слика 1). Според вид на инцидент најчесто е насилството со учество од 234 настани а не заостануваат и телесните повреди со 182 настани (слика 2 ). Најчесто инцидентот е по основ на етичка припадност со застапеност од 66% (слика 3).

*Слика 1: Вкупен број на инциденти на криминал од омраза во период од 2013 до 2020 година*



*Слика 2: Видови на инциденти   криминал од омраза во период од 2013 до 2020 година*



*Слика 3: Карактеристики на жртвите од инциденти на криминал од омраза во период од 2013 до 2020 година*




На (слика 4) се прикажани (според локации) градовите каде најмногу се извршени инциденти на криминал од омраза со што произлезе дека 559 се извршени во Скопје. Понатаму, 44 во Куманово, 29 во Тетово, 24 во Битола, 19 во Прилеп, 13 во Гостивар, 12 во Гевгелија, 9 во Струга, 9 во Охрид, 7 во Кичево, 7 во Неготино, 7 во Велес, 6 во Кавадарци, 4 во Штип, 4 во Струмица, 4 во Кочани, 3 во Демир Капија, 3 во Виница, 3 во Делчево, 2 во Свети Николе, 2 во Македонска Каменица, 2 во Демир Хисар, 1 во Ресен, 1 во Крушево и 1 во Крива Паланка.

*Слика 4: Локации на инциденти на криминал од омраза во период од 2013 до 2020 година*




Во однос на институционалниот одговор се констатира дека има откриено 326 сторители, поведена е истрага за 198, за 196 нема информации, а непријавени настани се 53 (слика 5). Во однос на правна разрешница состојбата е следна: поднесени се 196 кривични пријави и 75 прекршочни пријави, но не се регистрирани 56 настани (слика 6).

*Слика 5: Институционален одговор на инциденти на криминал од омраза во период од 2013 до 2020 година*




*Слика 6: Правна разрешница на инциденти на криминал од омраза во период од 2013 до 2020 година*




| Правна разрешница | |
|---|---|
| Кривични пријави | 131 |
| Прекршочни пријави | 75 |
| Нерегистрирани | 56 |

## Заклучок

Криминалот од омраза опфаќа кривични дела извршени со мотив на предрасуда и нетолеранција. Поимот „криминал од омраза“ се заснова на предрасуди, а ниту едно општество не е имуно на влијанието на предрасудите и нетолеранцијата. Поединечните појави на криминал од омраза во себе го носат зачетокот на потенцијални конфликти, па затоа можат да ескалираат и во однос на бројот на погодени лица и во однос на интензитетот на насилството.

Потребно е интензивно преземање на мерки од страна на органите на прогон, но треба да се спроведуваат и редовни обуки со цел препознавање и правилно идентификување на кривично-правните настани поврзани со криминал од омраза, разјаснување и секако докажување со што и би се зголемила довербата (воопшто) кон органите на прогонот.

Особено треба да се има предвид користењето на зборот „омраза“ кој несомнено доведува до заблуда кај луѓето да мислат дека обвинетиот мора да ја мрази жртвата или групата на жртвата за кривичното дело да се смета за криминал од омраза, ова секако не е точно. Треба да се има предвид дека фактот што го претвора обичното кривично дело во криминал од омраза е тоа што сторителот ја избира жртвата врз основа на предрасуда околу групата на која ѝ припаѓа жртвата.

Жртвите на криминалот од омраза се одбрани врз основа на она што тие претставуваат, а не кои се. Жртвата е цел поради нејзината или негова припадност на група. Како таков, криминалот од омраза пренесува порака и до жртвата и до нејзината група дека „тие“ ниту се „ добредојдени“, а ниту пак се „безбедни“ во оваа опкружување. Оваа и го издвојува криминалот од омраза како посериозен отколку истото кривично дело без пристрасниот мотив.

Аналогно на напред наведеното може и неспорно да заклучиме дека криминалот од омраза е екстремна форма на дискриминација, особено во поглед на етничката припадност со застапеност од 66%. Анализирано по години, најголем број на инциденти поврзани со криминал на омраза се случиле во 2019 година - вкупно 159 случаи. Според видот на инцидентот, најчесто е присутно насилството со учество од 234 настани, а не заостануваат и телесните повреди со 182 настани. Во однос на институционален одговор се констатира дека има откриено 326 откриени сторители, поведена е истрага за 198, за 196 нема информации, а непријавени настани се 53. Во однос на правна разрешница состојбата е следна: поднесени се 196 кривични и 75 прекршочни пријави, но не се регистрирани 56 настани.

Може слободно да констатирам, дека сè уште се потребни брзи ефикасни и ефективни, координирани мерки за разрешување на ваков тип на кривични дела, а особено треба да се работи на превенцијата и секако да се зголеми довербата во органите на прогонот.

**Користена литература**

Bogdanovic A. (2010) Govor mrznje, Znakove i poruke - casopis iz komunikologije, broj III-1;
Cosic I., Govor mrznje I mediji, Kako prevazici govor mrznje, Zbornik radova, Banja Luka, 2014 ;
Komosar Z., Sloboda govora i govor mrznje, Zbornik radova, Banja Luka, 2014;
Kunić A. (2010) Sloboda izražavanja na granici između prava iodgovornosti za javno iskazanu riječ, Govor mržnje, Zbornik radova 1;
Годишен извештај  Издавач: Хелсиншк комитет за човекови права претставуванод претседателот проф д-р Гордан Калајџиев;
Камбовски В., Лазарова-Трајковска М. (2012) Правна анализа на концептот на казненото дело на омраза и говорот на омраза, ОБСЕ, Скопје ;
Михајлова Е., Шеќерџиев Т., Бачовска Ј. (2013) Слобода на изразување и говор на омраза, ОБСЕ, Скопје;
Постапување по криминал од омраза.(2014),Практичен водич, Скопје;
Правна анализа на концептот на казнено дело на омраза и говорот на омраза, ОБСЕ, Полиестердеј, Скопје, 2012;
Прирачник за европското право за недискриминација. - Скопје: Фондација Отворено општество - Македонија, 2013.
Разбирање на криминалот од омраза.(2014),Практичен водич, Скопје;

**Интернет страни:**

https://mhc.org.mk/news/shto-e-kriminal-od-omraza/ Преземено на 15.06.2021 год.
https://www.pravdiko.mk/razbiran-e-na-kriminalot-od-omraza/Преземено на 15.06.2021 год.
https://akademik.mk/mesechnik-za-kriminalot-od-omraza/ Преземено на 15.06.2021 год.
https://zlostorstvaodomraza.com/izvestai превземено 20.06.2022 година